**З А П И С Н И К**

**од 4-тата редовна седница на Советот на Општина Валандово одржана на 29.11.2021 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Советот на Општина Валандово. Беа превземени сите мерки за безбедност на присутните за спречување на ширењето на вирусот Ковид 19.

Седницата започна во 12.00 часот.

Со седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Валандово, Владимир Марков.

На седницата присутни беа сите членови на Советот, Градоначалникот на Општината г-дин Перо Костадинов и претставници од општинската администрација.

Седницата се снимаше од Радио Валандово и се пренесуваше во живо.

За работа на 4-тата редовна седница, Претседателот на Советот, го предложи следниот

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1.Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2021до30.09.2021 година;

2. Предлог – Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2021 година;

3. Предлог – Одлука за одобрување средства за лекување;

4. Предлог – Одлука за одобрување средства за инвалидска количка;

5. Предлог- Одлука за одобрување средства на планинари;

6. Предлог - Одлука за доделување на еднократна парична помош на семејства за запишување на дете во прво одделение во Општинските основни училишта

7. Предлог - Одлука за одобрување на средства за санирање на штетите од пожар на индивидуална семејна куќа сопственост на Седат Мурадов од с.Калково;

8. Предлог – Одлука за давање на приоритет за користење на грант средства од Вториот проект за подобрување на општинските услuги МСИП2;

9. Предлог-Одлука за утврдување приоритет на Проектот „Изградба на водоснабдителен систем за с.Калково, Општина Валандово";

10. Предлог-Одлука за сопствено учество во реализација на Проект „Изградба на водоснабдителен систем за с. Калково, Општина Валандово";

11. Изјава дека Општина Валандово ги исполнува условите кои се бараат во врска со реализација на Проект: „Изградба на водоснабдителен систем за с.Калково, Општина Валандово";

12. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема во Општина Валандово за 2021 година;

13. Предлог – Решение за верификување на членови на Локалниот младински совет на Општина Валандово;

14. Предлог-Решение за именување членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие „Комунален сервис“-Валандово, претставници на основачот Општина Валандово;

15. Предлог-Решение за именување на членови на Надзорниот одбор законтрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие „Комунален сервис“-Валандово;

Дневниот ред беше ставен на гласање и истиот беше изгласан едногласно со 15 гласа ЗА.

Пред да се пристапи кон работа по дневниот ред беше отворена расправа по записниците од 2-рата и 3-тата редовна седница на Советот.

Никој не се јави за збор и истите беа едногласно усвоени со 15 гласа ЗА.

Се пристапи со работа на седницата.

ТОЧКА 1

По Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2021до 30.09.2021 година, образложение даде претставникот од Одделението за финансииски прашања, Марија Чурлинова Јорданова.

Беше отворена расправа.

За збор се јави Јулија Тушевска. Таа постави неколку прашања и даде забелешка дека образецот К3 од Кварталниот извештај не бил доставен со материјалите иако претставникот на одделението за финансиски прашања тврдеше дека е доставено. Забележа дека не е објаснето од што се состојат приходите во основниот буџет и праша зошто одреден износ на средства потрошени за надзор за изготвување на УП се прикажани во капитални расходи и други ситни забелешки за разлика во износот на планирано и реализирано.

Марија Чурлинова Јорданова на овие прашања и забелешки одговори дека треба да се проучат и да се толкуваат законите за локална самоуправа и администартивно работење за да не се носи јавноста во заблуда. Рече дека одговорот на наведните прашања се содржи во обрасците К2 и К3 и додаде дека сметководството во Општина Валандово се води според европски стандарди. Буџетот на општината се прави пред почетокот на годината, а обврските за плаќање течат откога ќе се заврши работата и истите се плаќаат со динамика предвидена со договорот. Надзорот на УП спаѓа во капитални инвестиции бидејќи изработката на УП е капитален проект. Кај капиталните расходи недостатокот од околу 4 000 000 денари не е прикажан сега, бидејќи сега е доставена само синтетика, а аналитиката се прави посебно и ќе се достави дополнително.

Претседателот на Советот на Општина Валандово, Владимир Марков зема збор. Рече дека образецот К3 го има закачено во материјалите и истиот може да се разгледа. И на членовите на опозицијата им порача да не ја наведуваат јавноста дека Општина Валандово има долгови и неподмирени обврски спрема граѓаните. Тој повтори уште еднаш дека Општината е ликвидна без долгови.

Јулија Тушевска се јави со контра реплика. Таа уште еднаш потврди дека со сигурност на денот на доставувањето на материјалите образецот К3 не беше доставен, а дали сега е закачен или не, таа не тврди. Рече дека таа бара појаснување за 4.000 000 денари, а не за 5 денари.

Градоначалникот на Општината Перо Костадинов зема збор. Рече дека му е мило затоа што уште од почетокот се развива жестока дискусија околу буџетот за кој сите податоците се објавени на веб станата на општината. Потенцира дека Општината има добра реализација на буџетот и истата не е задолжена како што сака опозицијата преку своите дискусии, да ја претстави пред граѓаните.

Лазар Ангелов се јави за збор. Праша зошто на ставката 718 има планирани приходи во износ од 1 289 000 денари, а нема реализација.

Марија Чурлинова Јорданова одговори дека оваа ставка е за приходи по основ јавна чистота и од издавање на лиценци за ноќен бар, кабаре исл. и мора да се планираат, а реализација нема поради тоа што јавната чистота оди преку ЈП Комунален сервис, а ноќни барови и кабареа засега немаме.

Тоше Тодоров се јави за збор. Рече дека на 05.08 2021 Советот има донесено одлука за исплата на 1.000.000 денари за изградбата на црквата ,,Рождество на Пресвета Богородица,, а истите не се исплатени .

Градоначалникот одговори дека граѓаните преку носењето на Одлуката од страна на Советот одлучуваат да ја помогнат изградбата на црквата, а тоа кога ќе се исплати ќе се одлучува дополнително.

Тоше Тодоров се јави со контра реплика. Рече дека овие се прашања од јавен карактер и на истите треба да се добие одговор. Одлуката е донесена и се прашува само кога истата ќе се реализира.

Аспарух Москов се јави за збор. Праша дали асфалтирањето на улиците: Крушевска во Валандово, Јосиф Јосифовски во Јосифово и улицата во Брајковци се исплатени и што се подразбира под терминот реконструкција на улица Младинска во Удово.

Градоначалникот на ова одговори дали овие улици се платени може да се види од кварталниот извештај, а за да се платат улиците потребно е да се завршат сите процедури: да се потпишат градежните книги, ситуации и извештај од надзорниот орган, а тоа досега не е направено и затоа изградбата на улиците не е исплатена. Уште еднаш повтори дека Буџетот на општината е во добра состојба и порача да не се замајува јавноста со спротивното, а за сите технички прашања одговорот е во Буџетот како документот.

Аспарух Москов се јави повторно. Рече дека улицата Вардарска е изградена во 2020 година, а сега во 2021 година има реконструкција на истата. Праша што ќе се реконструира сега и зошто не е платена истата. Побара од градоначалникот да не ги навредува советниците туку да објасни зошто улицата која е изградена во 2020 година сега повторно има реконструкција.

Марија Чурлинова Јорданова одговори дека улицата е отпочната со градба во 2020 година, но не е завршена и обврските се пренесени во 2021 година.

Никој друг не се јави за збор па Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2021до30.09.2021 година беше ставен на гласање и со 9 гласа ЗА 6 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ истиот беше изгласан.

ТОЧКА 2

По Предлог - Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2021 година беше отворена расправа.

За збор се јави Јулија Тушевска.Таа праша за што ќе се наменат средствата на ООУ,,Страшо Пинџур,, Јосифово.

Одговор на прашањето даде книговодителкатата на училиштето Мила Дончева. Рече дека 300.000 денари ќе се пренаменат за реконструкција на кровната конструкција на училишните згради во Јосифово и Удово.

Немаше други пријавено за дискусија па Предлог - Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2021 година беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 3

По Предлог – Одлуката за одобрување средства за лекување во износ од 120 000 денари беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор па истата беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 4

По Предлог – Одлуката за одобрување средства за инвалидска количка по отворената расправа никој не се јави за збор,па беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 5

Предлог- Одлука за одобрување средства на планинари во износ од 10. 000 денари беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 6

По Предлог – Одлуката за доделување на еднократна парична помош на семејства за запишување на дете во прво одделение во Општинските основни училишта беше отворена расправа.

За збор се јави Тоше Тодоров. Тој праша дали со оваа субвенција за семејства со првачиња сакаме да стимулираме нешто. Дали имаме незапишани првачиња или заради ова ќе ни дојдат првачиња од други општини. Средства има се потребни на сите ученици и ако доделуваме еднократен надомест за 1-во одделение, можеме да доделиме и за 5-то.

Градоначалникот Перо Костадинов зема збор. Смета дека на сите семејства кои имаат ученици може да им се одобрат средства, но во моментот ќе се донесе само за 1 одделение. Рече дека иста одлука се носи и во другите општини и износот кој се одвојува е еден од највисоките. Ова е една стимулација за семејствата, како што се дава надоместокот за новороденче.

Тоше Тодоров се јави за контрареплика. Рече дека ова личи на популизам, бидејќи освен 1-во одделение и другите ученици имаат потреба..

Анита Коцева се јави за збор. Рече дека и тие се за тоа да се одвојат средства за учениците, но зошто само на 1-во одделение, зошто не за сите други. Даде предлог да се даде сега на сите од 1-во до 5-то одделение, а догодина од 6-то до 9-то одделение.

Градоначалникот повторно зема збор. Рече дека сега ќе се започне со 1-во одделение, а во наредните години ќе се одвојува се поголем буџет кој низ разни форми ќе се враќа кај граѓаните. Додаде дека овој износ е меѓу највисоките во регионот, а исто така и износот за еднократен надомест за новороденче од 3000 е зголемен на 5000 денари.

Никој не се јави за збор па истата беше ставена на гласање и изгласана едногласно, со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 7

По Предлог - Одлуката за одобрување на средства за санирање на штетите од пожар на индивидуална семејна куќа сопственост на Седат Мурадов од с.Калково, беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор па истата беше ставена на гласање и изгласана едногласно, со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 8

По Предлог – Одлуката за давање на приоритет за користење на грант средства од Вториот проект за подобрување на општинските услуги МСИП2, образложение имаше Глигорије Џилвиџиев.

Никој не се јави за збор па истата беше ставена на гласање и изгласана едногласно, со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 9 ,10 и 11

Предлог-Одлука за утврдување приоритет на Проектот „Изградба на водоснабдителен систем за с.Калково, Општина Валандово“,

Предлог-Одлука за сопствено учество во реализација на Проект „Изградба на водоснабдителен систем за с. Калково, Општина Валандово“ и

Изјава дека Општина Валандово ги исполнува условите кои се бараат во врска со реализација на Проект: „Изградба на водоснабдителен систем за с.Калково, Општина Валандово“

Бидејќи се работеше за ист проект, за сите три точки беше водена единствена расправа, а образложение даде Глигорије Џилвиџиев.

Беше отворена расправа.

За збор се јави Јулија Тушевска. Таа истакна дека за поздравување е носењето на секоја одлука која е за подобрувањето на услугите на граѓаните, но таа смета дека потребно е да бидат присутни раководните лица на ЈП, бидејќи советот треба да даде изјава и да потврди дека ЈП Комунален сервис нема долгови, а дали тоа е така со сигурност не се знае. Само за пример спомна дека на денешниот ден 29-ти сеуште ЈП Комунален сервис нема исплатено плата.

Градоначалникот Перо Костадинов зема збор. Појасни дека сега треба да се даде Изјава за добивање на грант, а не за заем и со неа се потврдува дека доколку има потреба да се платат средства Советот како основач треба да потврди, а тоа дека има тековни обврски нормално е за секое претпријатие.

Никој друг не се јави за збор па сите три точки, поединечно беа ставени на гласање и изгласани едногласно.:

Точка 9- 15 гласа ЗА

Точка 10-15 гласа За

Точка 11-15 гласа ЗА.

ТОЧКА 12

По Предлог-Програмата за изменување и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема во Општина Валандово за 2021 година беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор па истата беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 14 гласа ЗА 0 ПРОТИВ и 1 ВОЗДРЖАН.

ТОЧКА 13

По Предлог – Решението за верификување на членови на Локалниот младински совет на Општина Валандово во состав:

Марија Илиевска, Гоги Тунгелов,Габриела Костевска, Бојан Николов и Драган Митев, беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор, па беше ставено на гласање и со 15 гласа ЗА едногласно беше изгласано.

ТОЧКА 14

По Предлог-Решението за именување членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие „Комунален сервис“-Валандово, претставници на основачот Општина Валандово, претседателката на Комисијата за мандатни прашања Надица Недиќ даде известување дека Комисијата дава предлози за: Катерина Трајкова, Мирјана Пеева, Елизабета Чилевска Пандева, Тони Узунов и Александар Димов.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и Предлог Решението за членови на УО на ЈП „Комунален сервис“. беше ставено на гласање и изгласано едногласно, со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 15

По Предлог-Решението за именување на членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие „Комунален сервис“-Валандово, претставници на основачот Општина Валандово, повторно претседателката на Комисијата за мандатни прашања Надица Недиќ го извести ставот дека Комисијата дава предлог за: Драган Чочков, Мартин Катиќ, Александра јанева, Јасминка Сечкова и Момчило Павлов.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и Предлог Решението за членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие„Комунален сервис“-Валандово беше ставено на гласање и изгласано едногласно, со 15 гласа ЗА.

Со тоа дневниот ред беше исцрпен и 4-тата редовна седница на Советот на Општина Валандово беше заклучена.

Записничар
С.Х.Јовановиќ

Совет на Општина Валандово
Претседател
Владимир Марков